# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА АГРО БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН (2015 - 2016)

Земјоделието е главен двигател на економијата во Пелагонискиот плански регион, па посебно внимание при изготвувањето на оваа ***Регионална програма со предлог-акциски план за развој и поддршка на приватниот сектор во Пелагонискиот плански регион (2016 - 2020)*** е посветено на агробизнисите во регионот.

Агробизнисите се бизниси на земјоделско производство, преработка и трговија на земјоделски производи. Агробизнисот опфаќа разни деловни активности поврзани со производство на храна, вклучувајќи земјоделство, преработка на земјоделски производи, маркетинг, продажба на големо и мало, земјоделска опрема, агрохемиски и други активности. Агробизнисот има се поголем тренд на раст во глобални рамки и станува се позначаен.

За време на спроведеното истражување на приватниот сектор во регионот посебен дел во Анкетниот прашалник беше посветен на агробизнисите и одговорите добиени на овие прашања од страна на сопствениците на агробизниси од Пелагонискиот плански регион помогнаа во детерминирање на активностите во Акцискиот план за развој и поддршка на агро бизнис секторот во Пелагонискиот плански регион (2015 - 2016).

Мислењето на сопствениците на агробизниси од Пелагонискиот плански регион е дека најголем предизвик со кој се соочуваат агробизнисите во регионот е недостигот на соработка помеѓу агробизнисите. 26% од испитаниците во истражувањето го посочија овој предизвик како најголем, по 16% од сопствениците на агробизниси ги посочија недостигот на финансии, недостатокот на адекватна технологија и соработка меѓу производителите, добавувачите и откупувачите како најголеми предизвици.




График бр. 9: Предизвици за агробизнисите од ППР

На сопствениците на агробизниси во регионот им беше дадена можност да наведат и други предизвици со кои се соочуваат во текот на работењето, при што ги посочија следниве: недостигот на информации, брзата промена на законската регулатива (земјоделските политики), царинските процедури и наплатата.

Спроведеното истражување покажа дека 60% од анкетираните агробизниси планираат дополнителни инвестиции во нивните бизниси во следната година, при што најголем дел од анкетираните сопственици изјавија дека планираат набавка на нови, современи и иновативни машини, како и инвестиции кои ќе овозможат воведување на нови технологии во работењето. Интересен е фактот што дури 88% од анкетираните сопственици кои планираат инвестиции во следната година, инвестициите ќе ги финансираат од капиталот на компанијата.
Агробизнисите од Пелагонискиот плански регион сметаат дека најзначајна улога во финансирањето на агробизнисите во регионот имаат Владините мерки за поддршка на

земјоделието (субвенции, директни плаќања преку Програмата за развој на земјоделството, ИПАРД, можности преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој) и Банките. Сопствениците на агробизнисите во регионот сметаат и дека во последните 12-18 месеци значително се подобрени можностите за финансирање на агробизнисот.

Главни двигатели на развојот на агробизнисот во Пелагонискиот плански регион, според сопствениците на агробизниси вклучени во истражувањето, се зголемената побарувачка на домашни производи и спојувања меѓу производителите и создавање големи компании. 39% од агробизнисите вклучени во истражувањето сметаат дека токму зголемената побарувачка на домашни производи и спојувања меѓу производителите и создавање големи компании се главните двигатели на развојот на агробизнисот. 13% од агробизнисите сметаат дека тоа се истражувањата и развојот, а 9% за главен двигател на развојот на агробизнисот ги сметаат иновациите.




График бр. 10: Двигатели на агробизнисот во ППР

36% од агробизнисите вклучени во истражувањето сметаат дека климатските промени и природни непогоди најмногу влијаат врз глобалните трендови во агробизнисот, додека пак 26% од агробизнисите сметаат дека тоа се нестабилните цени на пазарот.




График бр. 11: Фактори кои влијаат врз глобалните трендови во агробизнисот

Најголемиот дел од сопствениците на агробизниси сметаат дека недоволно инвестирање во инфраструктурата е главна пречка за одржлив развој на агробизнисот во Пелагонискиот плански регион (46% од анкетираните агробизниси). 19% сметаат дека најголема пречка се климатските промени и временските непогоди, додека пак 15% сметаат дека тоа се ограничувањата на работната сила, т.е. трошоците за работната сила.




График бр. 12: Главни пречки за одржлив развој на агробизнисот во Пелагонискиот плански регион

Спроведените истражувања на приватниот сектор, односно агробизнисите од Пелагонискиот плански регион овозможија детерминирање на следните активности кои ќе овозможат развој и поддршка на агробизнис секторот во Пелагонискиот плански регион:

1. Подобрување на пристапот до информации од областа на агробизнисите;
2. Обуки и работилници за предностите на меѓусебното спојувањето на земјоделските стопанства;
3. Стимулирање на иновациите во агробизнисот;
4. Активности за заштита на земјоделското производство од климатските промени;
5. Стимулација на агробизнисите за производство во контролирани услови;
6. Анализа на тековната состојба со агробизнис секторот во Пелагонискиот плански регион;
7. Стимулирање на производство на автохтони популации.

Деталниот преглед на приоритетните мерки и предложените активности за нивно остварување со: специфични цели, индикатори, буџет, временска рамка за секоја активност се дадени во Акцискиот план за развој и поддршка на агробизнис секторот во Пелагонискиот плански регион (2015 - 2016).

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА АГРО БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Проценет буџет (во денари) | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
| **1.1.** | Подобрување на пристапот до информации од областа на агробизнисите | Олеснување на пристапот до изворни информации од сферата на агробизнисот за сопствениците на агробизниси, земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирани 9 информативни настани<br>- Присутни најмалку 15 претставници на агробизнис секторот на секој од настаните | 180.000 | - Министерство за земјоделство<br>- АПРЗ<br>- Интернационални донорски организации | Поклопување на термините за информативните настани со сезонскиот карактер на одредени земјоделски дејности | Јануари - Декември 2016 |
| **1.2.** | Обуки и работилници за предностите на меѓусебното спојувањето на земјоделските стопанства | Запознавање со правните рамки и економските бенефити од спојувањата на земјоделските стопанства и агробизнисите | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирани 3 едукативни средби / работилници<br>- Присутни најмалку 10 претставници на агробизнис секторот на секој од настаните<br>- Организиран тренинг за правници за правната рамка на спојувањето на земјоделските стопанства | 120.000 | - Министерство за земјоделство<br>- АПРЗ<br>- Интернационални донорски организации | Резервираност на агробизнис секторот во поглед на меѓусебното спојување на земјоделските стопанства | Јануари - Декември 2016 |
| **1.3.** | Стимулирање на иновациите во агробизнисот | Унапредување на агробизнис секторот во регионот преку поттикнување на иновативноста во агробизнисите | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирана посета на саемска манифестација од сферата на агробизнисот<br>- Спроведена промотивна кампања за стимулирање иновативност во агробизнис секторот | 650.000 | - ФИТР<br>- АПРЗ<br>- Интернационални донорски организации<br>- Гарантен фонд за агробизниси (Министерство за Земјоделие со УС Аид) | Голема дискрепанца меѓу нашите производни техники и технологии и глобалните трендовите во поглед на иновативноста во агробизнис секторот | Јануари - Декември 2016 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.** | Активности за заштита на земјоделското производство од климатските промени | Демонстрација на успешни практики за заштита на земјоделското производство од климатските промени | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирани работилници за заштита на агробизнисите од климатските промени<br>- Стимулирање на употреба на современи заштитни мерки кај агробизниси менаџирани од млади лица | 450.000 | - Интернационални донорски организации<br>- ИПА Програма | Тешка достапност на современи заштитни мерки за заштита на земјоделското производство од климатските промени во Пелагонискиот плански регион | Јануари - Декември 2016 |
| **1.5.** | Стимулација на агробизнисите за производство во контролирани услови | Унапредување на производствениот процес | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирана работилница за производство во контролирани услови<br>- Промотивна кампања за стимулирање на ваков вид на производство во ППР | 530.000 | - АФПЗРР<br>- ИПАРД Програма<br>- ФИТР | Слаба економска моќ на агробизнисите од ППР за набавка на опрема за производство во контролирани услови | Јануари - Декември 2016 |
| **1.6.** | Анализа на тековната состојба со агробизнис секторот во Пелагонискиот плански регион | Детерминирање на фактичката состојба во агробизнис секторот во ППР | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот | Изработен документ: „ Анализа на тековната состојба со агробизнис секторот во Пелагонискиот плански регион " | 250.000 | - Интернационални донорски организации<br>- ИПА Програма | Резервираност од страна на агробизнисите во поглед на споделувањето на информации за утврдување на состојбата во агробизнис секторот во ППР | Јануари - Декември 2016 |
| **1.7.** | Стимулирање на производство на автохтони популации | Зголемување на количеството на автохтони производи од ППР како би се зголемила нивната застапеност на интернационалните пазари со конкретното географско потекло | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Организирана работилница за стимулирање на производство на автохтони популации<br>- Промотивна кампања за стимулирање на производство на автохтони популации | 400.000 | - Интернационални донорски организации<br>- ИПА Програма | Незаинтересираност кај агробизнисите и земјоделските стопанства за производство на автохтони популации | Јануари - Декември 2016 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.8.** | Брендирање на локални производи | Зголемување на препознатливоста на локалните производи од ППР на интернационално ниво | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР<br>/<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци<br>- Производители на традиционални локални производи | - Организирани 2 работилници за брендирање на локални производи<br>- Најмалку 20 учесници на секоја работилница<br>- Имплементирана промотивна кампања за значењето на создавањето на брендирани локални производи<br>- Најмалку 3 брендирани локални производи во период од 24 месеци по имплементација на активностите | 250.000 | - Интернационални донорски организации<br>- ИПА Програма | Отсуство на свесност кај агробизнисите и индивидуалните земјоделци за важноста од создавање брендирани локални производи | Јануари - Декември 2016 |
| **1.9.** | Поддршка за Локалните Акциони Групи како носители на руралниот развој | Зајакнување на капацитетите на ЛАГ-овите како носители на руралниот развој | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР<br>/<br>3те ЛАГ-а од ППР | - Директна поддршка при изготвување на проектни апликации и аплицирање,<br>- Директна поддршка при вмрежување и поврзување со други организации | 60.000 | - Интернационални донорски организации | Ограничени финансиски средства за имплементација на овие активности | Јануари - Декември 2016 |
| **1.10** | Обуки за изготвување на проекни апликации | Поддршка за руралните бизниси и индивидуалните земјоделци при аплицирањето во програмите за финансиска поддршка во руралниот развој, ИПАРД програмата и други фондови | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР<br>/<br>- Претставници на агробизнис секторот<br>- Земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци | - Имплементирани 3 обуки за изготвување на проектни апликации при аплицирањето на програмите за рурален развој<br>- Најмалку 50 претставници агробизнис секторот присутни на 3те обуки<br>- Имплементирани 3 | 360.000 | - Интернационални донорски организации | Понизок степен на едуцираност кај претставниците на агробизнисите и земјоделските стопанства за следење на вакви обуки | Јануари - Декември 2016 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | обуки за изготвување на проектна апликација за ИПАРД Пограмата<br>- Најмалку 50 претставници агробизнис секторот присутни на 3$^{те}$ обуки | | | | |
| **1.11** | Активности за учество во креирањето на Програми за рурален развој на национално ниво | Создавање на програми за рурален развој и вклучување на агробизнисите од ППР во нив | - ЦРППР<br>- Бизнис центар при ЦРППР /<br>Агробизнис сектор | - Учество на претставници од ЦРППР на најмалку 2 настани за креирање на програми за рурален развој | 30.000 | - Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство | Неактивност на релевантните институции за креирање на вакви програми | Јануари - Декември 2016 |